Funded by the European Union

„Поддршка од ЕУ за градење доверба во Западен Балкан“



Duration: 01.01.2023 - 31.12.2026

Countries:

Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Црна Гора

EU contribution: € 7 000 000

Total budget: € 7 000 000

Implementer:

United Nations Development Programme

Website(s): undp.org/eurasia/projects/eu-support-confidence-building-western-balkans

Project description:

„Поддршка од ЕУ за градење доверба во Западен Балкан“ е регионален проект посветен на зајакнување на процесите на транзициска правда, промовирање на помирувањето и унапредување на социјалната кохезија во регионот. Преку поддршката што им ја пружа на институциите, граѓанското општество и локалните заедници, проектот помага во адресирање на последиците од конфликтите на територијата на поранешна Југославија, вклучително и случаите на воени злосторства и исчезнати лица.

Проектот поттикнува и олеснува инклузивен дијалог заснован на факти за минатото и иднината, како и соработка во рамките на општествата и меѓу различните заедници и етнички групи. Воедно, го унапредува пристапот до правда и до услуги за жртвите и преживеаните.

Со јакнење на владеењето на правото, промовирање на регионалната соработка и зајакнување на граѓанското општество, проектот придонесува кон градење доверба во демократското владеење, ја поддржува интеграцијата во ЕУ и помага да се постават цврсти темели за долгорочен мир и стабилност во земјите од Западен Балкан.

Expected results:

• Надлежните институции во регионот на Западен Балкан постапуваат во рамки на унапредени законодавни и политички рамки и располагаат со зајакнати капацитети за справување со преостанатите случаи на воени злосторства и за расветлување на случаите на исчезнати лица;
• Подобрена регионална и меѓународна соработка во постапувањето по предмети на воени злосторства, пребарување и идентификација на исчезнати лица и обезбедување поддршка за жртвите, со што се придонесува кон нивно поефикасно решавање во регионот на Западен Балкан;
• Подобрено остварување на правата и обезбедување поддршка за жртвите и преживеаните, како и зајакнати капацитети на релевантните институционални и граѓански чинители;
• Зголемена јавна поддршка за отчетност во случаите на воени злосторства и за решавање на случаите на исчезнати лица, како и воспоставен поинтензивен дијалог заснован на факти и заложби за помирување во општеството и меѓу етничките заедници;
• Вклучување на нови чинители (активисти, академици, истражувачи, уметници, новинари и други), особено млади и жени, оснажени за прекугранични и меѓуетнички дијалог, меморијализација, образовни иницијативи, застапување за транзициска правда и помирување, како и промоција на владеењето на правото и човековите права.